Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 26.09.2020

На 26.09.2020 во 00.40 часот на автопатот „Пријателство", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.(33) од н.„Илинден", Скопје, поради тоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2020 во 02.45 часот во близина на Железничка станица Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода П.Н.(19) од Кичево, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2020 во 16.20 часот, полициски службеници  од Полициската станица Гостивар ги лишиле од слобода И.А.(19), Ф.Ѓ.(18) и А.Х.(23), сите од с.Чегране, гостиварско, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.09.2020 околу 00.05 часот на ул.„Кузман Јосифовски Питу" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода П.Г.(40) од Струга, затоа што бил затекнат при извршување кривично дело кражба во куќа на наведената адреса. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.09.2020 во Скопје, полициски службеници ги лишиле од слобода А.Д.(19) и К.М.(21), двајцата од Скопје, затоа што околу 01.00 часот на бул.„Борис Трајковски" со возило „цитроен берлинго", кое го управувал А.Д., а сопатник бил К.М., удриле и повредиле полициски службеник кој извршувал службени дејствија во областа на сообраќајот (мерење со радар), по што побегнале од местото. По преземени мерки тие биле пронајдени и приведени во полициска станица. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок. Повредениот полициски службеник бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 25.09.2020 во 06.30 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Џ.Ф.(32) од Скопје, затоа што при контрола било констатирано дека се наоѓа на стоп-листата за издржување казна затвор, за сторено кривично дело по член 202 став 1 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 25.09.2020 во 13.40 часот на бул. „Илинденска" во Тетово, патничко возило „фолксваген поло", со тетовски регистарски ознаки, управувано од И.Х.(41) од с.Непроштено, тетовско, удрило во малолетен пешак од Скопје, со привремено живеалиште во Тетово. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клинички центар Тетово. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Тетово.

На 25.09.2020 во 22.45 часот во угостителски објект на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Р.Р.(25) и Ќ.М.(27), двете од Косово, поради нерегулиран престој во Република Северна Македонија. Тие биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка.

На 25.09.2020 во 10.50 часот на регионалниот пат Гостивар – с.Градец, во с.Зубовце, се случила сообраќајна незгода во која патничко возило „фиат", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ф.А.(52) од с.Врбјани, удрило во велосипед, управуван од Д.Ј.(18) од с.Галате. По незгодата, Д.Ј. била пренесена во Медицински центар Гостивар, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

На 25.09.2020 во 21.30 часот во Полициската станица Драчево, Љ.С.(39) од Скопје пријавил дека на ул.„Малешевска" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 25.09.2020 околу 13.50 часот на шумски земјен пат на место викано „Буква М", на планината Галичица, П.Р.(28) од Охрид, додека се движел со трактор, изгубил контрола, се превртел и починал на местото на незгодата. Од екипа на Итна медицинска помош била констатирана смрт. Увид извршила екипа од СВР Охрид.

На 25.09.2020 во 21.20 часот во СВР Охрид, С.П.(59) од Охрид пријавила дека на ул.„7 Ноември" била касната од куче скитник.

На 26.09.2020 во 00.20 часот на ул.„Индира Ганди" во Скопје, патничко возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.С.(38) од Скопје, удрило во пешакот О.С.(59) од Скопје. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.09.2020 во 21.30 часот на ул.„Радован Цониќ" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода М.И.(30) од с.Голема Речица, тетовско, поради тоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2020 околу 17.20 часот на регионалниот пат Штип-Велес се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „цитроен", без регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(63) од Штип и патничко возило „фолксваген голф", со велешки регистарски ознаки, управувано од Г.К.(30) од с.Каласлари. По незгодата, двајцата возачи и малолетна сопатничка од с.Каласлари во возилото „фолксваген голф" биле пренесени во болницата во Велес, каде на Ф.М. му биле констатирани тешки телесни повреди, додека кај Г.К. и сопатничката биле констатирани телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Велес.

На 26.09.2020 околу 00.00 часот на магистралниот пат Штип – Велес, во близина на „Три чешми", полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Р.Н.(42) од Кочани, поради тоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2020 во 20.36 часот во СВР Скопје, П.Д.(41) од Скопје пријавил дека околу 20.20 часот  во угостителски објект на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.09.2020 во 14.15 часот во Полициската канцеларија Демир Капија било пријавено дека во фирма во Демир Капија Г.Т.(46) од Скопје била физички нападната од Д.Г. од Демир Капија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.09.2020 во 17.00 часот во Полициското одделение Ропотово, од Територијалната противпожарна единица Прилеп било пријавено дека на место викано „Кланица" настанал пожар при што гореле стрништа. Пожарот бил локализиран од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 26.09.2020 околу 02.35 часот било пријавено дека на ул.„1", позади новата зграда на општина Арачиново, во с.Арачиново, настанал пожар при што гореле сува трева и ѓубриште. Од екипа на Територијалната противпожарна единица пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.И.(61) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.05.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Тетово, при што пронашле и одзеле хероин.

На 25.09.2020 во 13.50 часот во работна канцеларија во СВР Струмица, инспектор, додека вршел проверка на службениот пиштол, од невнимание испукал еден куршум кој се забил во  паркетот во близина на неговото работно биро. Во тој момент во канцеларијата биле присутни уште двајца полициски службеници. Повредени лица нема, а увид бил извршен.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против У.Р.(25) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 31.08.2020, полициски службеници не го пронашле пријавениот во својот дом во Кичево и покрај тоа што бил должен да остане дома во изолација, согласно решението на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, затоа што бил позитивен на Ковид-19.

На 25.09.2020 во 16.30 часот во Полициската станица Неготино, 59-годишна жена од Неготино пријавила дека била измамена од А.М(18) од с.Патишка Река, Сопиште, за сума од 10.000 евра. Според пријавеното, околу 13.00 часот, таа и нејзиниот сопруг кај нотар во Неготино завериле купопродажен договор за нивното возило „ауди а4" со А.М., со кого бил и неговиот брат Н.М..  По ова, според пријавеното, заминале за Кавадарци, каде А.М. отишол во банка за да подигне пари во износ од 10.000 евра за исплата на возилото, додека пријавителката, нејзиниот сопруг и Н.М. чекале. Според пријавеното, по некое време и Н.М. им рекол дека ќе оди до банката да види до каде е брат му, но и двајцата не се вратиле, па за кусо време во банката отишле и пријавителката со сопругот, но не ги пронашле ни лицата ниту возилото, по што заклучиле дека се измамени. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.М.Ш.(40) од охридското с.Велгошти, со привремено живеалиште во Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола во нејзиниот дом, извршена на 11.08.2020, полициски службеници констатирале дека не се придржувала до мерките за задолжителна изолација на што била обврзана согласно издаденото решение. Набргу потоа била забележана во движење на ул.„Сирма Војвода" во Охрид.

На 25.09.2020 во 13.50 часот во СВР Штип, И.Л.(36) од Штип пријавил дека неговата сестра В.М.(39) се оддалечила од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.09.2020 во 09.20 часот во СВР Тетово, С.П.(55) од Тетово пријавила дека на ул.„180" во Тетово била касната од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет